**<u>ЕЦМП СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА</u>**
**Скопје 6ти декември 2002**

## ВТОРА ГОДИШНИНА ОД "ЕЦМП НВО МРЕЖАТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" И ГОДИШНИНА ОД "ЕЦМП РЕГИОНАЛНИТЕ НВО ЦЕНТРИ"

*(Скопје, Петок 6ти декември 2002)*

Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП) лоциран во Фленсбург, Германија со задоволство го објавува успешното завршување на втората година од **"ЕЦМП-НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија"** и првата година од **"ЕЦМП Регионалните НВО центри"** во понеделник на 9ти декември од 10:00-12:00 часот во хотел Континентал (Булевар Александар Македонски бб, Скопје 1000, Македонија, Кристална сала). Овој настан ќе биде проследен со коктел. .

- **ЕЦМП Регионалните НВО центри** се формирани во 2002 во следните шест градови: Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Битола и Штип. Скопскиот центар во исто време е и седиште на главните канцеларии на оваа иницијатива и на ЕЦМП во Македонија.

  Овие Регионални НВО центри имаат за цел подобрување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалог меѓу сите заедници во Република Македонија. Тие тежнеат кон зајакнување на капацитетот на членките, невладини организации (НВО) кои се посветени на овие цели и во олеснување на развојот и имплементацијата на заеднички меѓуетнички проекти врз основа на локално воспоставени приоритети. *Регионалните НВО центри* исто така се трудат да остварат соработка со локалната самоуправа притоа задржувајќи ја целосната независност во дизајнирањето и извршувањето на проектите.

- Идејата за воспоставување на Регионални НВО центри е изградена врз основа на проектот на ЕЦМП да воспостави **ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија.** Овој проект ЕЦМП го започна во декември 2000 година во Фленсбург, како дел од серијата на нови иницијативи на ЕЦМП во југоисточна Европа. Проектот стана возможен благодарение на поддршката од страна на Министерството за надворешни работи на Кралството Данска (ФРЕСТА – Секретарјат за мир и стабилност), Британската Амбасада во Скопје и Министерството за надворешни работи на кралството Норвешка.

The ECMI Project in Macedonia has been funded by generous contributions from the:

British Embassy Skopje

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry

ЕЦМП НВО Мрежата се состои од околу 60 домашни невладини организации кои ги претставуваат најголемите етнички заедници од целата земја. Овие НВОи почувствуваа дека меѓуетничките односи беа во критична фаза и затоа, а заради неодамнешната криза беше поважно од било кога НВО заедницата да ја развие соработката.

ЕЦМП-НВО Мрежата има за цел да го зајакне капацитетот на македонскиот НВО сектор за генерирање на заеднички проекти со меѓуетничка димензија и истите да ги имплементира. **Заедничките пилот проекти** развиени со помош на советите и експертизата на ЕЦМП се успешно имплементирани и ќе бидат презентирани на овој настан со цел да го привлежат вниманието на меѓународната донаторска заедница.

Деталниот **Меморандум за соработка**, вклучувајќи ги и критериумите за учество во ЕЦМП-НВО Мрежата како и упатството за добри практики исто така се усвоени и ставени во употреба од страна на Мрежата.

Координативното тело составено од тринаесет членови, кои ги претставуваат етничкиот и регионалниот состав на Мрежата ќе ја презентира својата работа. Претставниците на Регионалните центри ќе ги презентираат активностите и предизвиците со кои се соочуваат во својата работа.

Неодамна надградената веб страна на Мрежата ќе биде презентирана.

За повеќе информации, ве молиме посетете ја неодамна надградената веб страна на ЕЦМП-НВО Мрежата на www.ecmingonet.org.mk или контактирајте со Сунур Верма, ЕЦМП Регионален претставник во Скопје (ЕЦМП Регионална канцеларија Скопје, Дрезденска 9, тел. + 389 (0)2 391 451; 391 452. Факс: + 389 (0)2 391 453. За повеќе информации за ЕЦМП посетете ја веб страната www.ecmi.de

The ECMI Project in Macedonia has been funded by generous contributions from the:

British Embassy Skopje

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry